# ПОЛИТИКА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Оваа политика го дефинира пристапот за управување со отпадот во „Алкалоид“, применувајќи ги принципите од Законот за управување со отпад, како и насоките од Рамковната директива за отпад 2008/98/ЕС и за одржлив развој на Обединетите нации.

Оваа политика се однесува на сите активности и на сите производи и процеси во рамките на интегрираниот систем за управување на „Алкалоид“, регулиран со cGxP, CE и со применетите стандарди во „Алкалоид“.
Обврската на „Алкалоид“ е да преземе активности за управување со отпадот на најодржлив начин, онаму каде што е тоа изводливо.

„Алкалоид“ е посветен на:

- намалување на отпадот;
- повторна употреба и рециклирање на отпадот;
- практики за управување со отпадот кои ги штитат животната средина и заедницата;
- инкорпорирање на најдобрите практики за проценка на ризик и за безбедност и здравје на работното место при управувањето со отпадот;
- негување на организациската култура која промовира најдобра практика за управување со отпадот и за одржување на ресурсите;
- ангажирање на засегнатите страни и промовирање свесност за правилно управување со отпадот;
- развивање и одржување систем за управување со животната средина и за известување што го промовира интегритетот на податоците и што овозможува транспарентна комуникација и континуирано подобрување.

„Алкалоид“ ја покажува својата посветеност на принципите за управување со отпадот преку следните активности:

- поставување и јавно известување за целите за ефикасност на процесот за управување со отпадот;
- обезбедување програма за управување со отпад, специфична според локацијата; промовирање и усвојување на најдобрите практики за управување со отпадот за сите настанати промени во процесите, суровините, опремата и во објектите;
- развивање и известување во врска со најдобрите практики за отпад по објект;
- правилно идентификување, следење и управување со ризиците;
- обезбедување за развивање практики за снабдување кои се во согласност со целите за одржливост на „Алкалоид“;
- обезбедување насочена обука и едукација за персоналот и за засегнатите страни;
- соработка со засегнатите страни за поттикнување на свесноста за примена на најдобрите практики за управување со отпадот;
- примена и континуирано подобрување на системот за управување со животната средина.

Скопје, 14.02.2023 година

Генерален директор
Живко Мукаетов

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ